# ДОКУМЕНТ СО КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

**Намена:**
Овој документ содржи клучни информации за осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестиционииот ризик и има за цел да ви помогне во разбирање на природата, ризиците, трошоците, можните добивки и загуби од овој производ и да ви помогне да го споредите со други производи. Овој документ не претставува промотивен (рекламен) материјал.

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ:

Овој документ е составен на ден 01.04.2025година а стапува на сила на ден 08.04.2025 година

| Назив на компанијата осигурител<br>АД за осигурување Винер Лајф-Виена иншуренс груп Скопје;<br>Адреса: „11-ти Октомври“ бр. 25 кат 8 Скопје; ЕМБС: 6671586<br>Тел.: 02/3114333;<br>мејл: life@winnerlife.mk; веб-страница: www.winnerlife.mk<br>Одговорно лице: Претседател на Управен одбор Дарко Дедиќ | Надлежен орган за супервизија:<br>Агенција за супервизија на осигурување;<br>Адреса: ул. „Македонија“ бр. 25, Палата „Лазар Поп Трајков“ кат 5 Скопје;<br>Тел.: 02/3254050<br>мејл:contact@aso.mk; веб-страница: www.aso.mk |
|---|---|

Назив на осигурителен производ: Футура
Скратен назив на отворениот инвестициски фонд: НЛБ Топ брендови, комбиниран фонд о.ф. Идентификациски број на отворениот инвестициски фонд: 9110000000127

## II. КОИ СЕ КЛУЧНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОИЗВОДОТ?

**Опис на осигурувањето:** Осигурителен производ за осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови кога осигуреникот го презема инвестициониот ризик Футура.

**Цели на осигурителниот производ и начин на нивно остварување:**
Продуктот Футура може да се користи за различни цели, вклучително и за обезбедување на животно осигурување, зголемување на вашите средства, инвестирање во вашата иднина, како и заштита на вашето семејство.
Продуктот Футура е долгорочен осигурителен производ од минимум 10 години до 25 години траење со покритие за осигурување во случај на смрт, каде што осигуреникот сам си ја одредува осигурената сума. Осигурената сума може да се избере меѓу 30 и 150 насто од збирот на уплатените премии. Откуп на полисата може да се направи по изминати 3 години од почетокот на полисата, доколку за тој период биле платени сите осигурителни премии и доколку постои откупна вредност на полисата. Капитализација на полисата може да се направи доколку од почетокот на осигурувањето изминала најмалку една година и доколку за тој период се платени сите осигурителни премии.
Средствата од премијата по овој осигурителен производ се инвестираат во инвестицискиот фонд НЛБ топ брендови, којшто ги инвестира средствата во познати светски корпорации, т.н. „Blue chips“ компании што исплаќаат високи дивиденди и остваруваат позитивни резултати од работењето дури и во периоди на намалена економска активност. Средствата на фондот се инвестираат во акции на компании од најразвиените економии во светот, како САД, Германија и Швајцарија, и во светски познати компании како што се Microsoft Corp или Apple. Приносот што се остварува од овие вложувања зависи од цената на уделот во инвестицискиот фонд. Цената на уделот зависи од движењата на вредноста на акциите во кои се инвестирани средствата.

**Целна група:**
Овој производ може да биде погоден за вас доколку сакате истовремено да бидете животно осигурени, а воедно и да инвестирате во инвестициски фонд;
• Би сакале да заштедите на редовна основа за остварување на вашите финансиски цели, додека ги зголемувате вашите средства;
• Барате приноси кои се потенцијално повисоки од просечната заштеда и немате ништо против да ја изложите вашата инвестиција на одреден ризик;
• Би сакале да го заштите вашето семејство во случај на смрт со назначување на корисници кои би ја добиле вредноста на вашата инвестиција.
Овој производ има одредено времетраење. Можете да го изберете времетраењето што го претпочитате, од 10 години до 25 години. Овој производ е погоден за поединци помеѓу 14 и 65 години.

**Користи и трошоци од осигурителниот производ:**
Овој осигурителен производ ви овозможува истовремено да бидете животно осигурени и да инвестирате во инвестициски фонд. Во делот на вложувањата, користите од осигурителниот производ зависат од цената на уделот во инвестицискиот фонд, која се менува секојдневно. Вредноста на придобивките не може однапред да се утврди и зависи од фактори што се прикажани во делот III на овој документ. Во продолжение даваме примери со варијации на неколку износи на годишни приноси и соодветните ефекти врз користите од овој осигурителен производ. Резултатите поврзани со осигурувањето наведени подолу се за осигуреник машко лице на возраст од 40 години, годишна премија од 1.000 ЕУР, осигурена сума од 20.000 ЕУР и траење од 20 години. Вложените средства за 20 години изнесуваат 20.000 ЕУР.

| **Очекувана вредност на инвестициското портфолио на клиентот по истекот на 20 години** | | |
|---|---|---|
| Со очекуван годишен принос -2 % | Со очекуван годишен принос 0 % или месечен принос од 0% | Со очекуван годишен принос 6,10 % или месечен принос од 0,508 % |
| 13.407,88 ЕУР | 16.519,89 ЕУР | 31.914,41 ЕУР |

**Исплата во случај на смрт:**
Во случај вредноста на фондот плус 5 % од збирот на сите премии да се поголеми од осигурената сума во случај на смрт на осигуреникот, тогаш осигурената сума во случај на смрт на осигуреникот е еднаква на вредноста на фондот плус 5 % од збирот на сите премии.
Крајниот рок на траење на полисата е наведен во Договорот за осигурување и му е предаден на клиентот при неговото потпишување. Друштвото нема право еднострано да го прекине или промени осигурителниот производ доколку договарачот на осигурувањето редовно ги подмирува своите обврски. Во случај на неплаќање на осигурителната премија повеќе од 90 дена, Друштвото има право да го прекине осигурителниот производ.
Ако договарачот на осигурувањето намерно даде неточни податоци или намерно премолчи некоја околност од таква природа што осигурителот не би го склучил Договорот ако знаел за реалната состојба на работите, осигурителот може да бара поништување на Договорот. Во случај на поништување на Договорот поради причините наведени во Условите, осигурителот има право да ги задржи трошоците што произлегле од таа полиса. Трошоците поврзани со овој осигурителен производ се прикажани во делот V на овој документ.

## III. КОИ СЕ РИЗИЦИТЕ И ОЧЕКУВАЊА ОД ПРОИЗВОДОТ?

Осигуреникот го носи ризикот од инвестицијата и треба да биде подготвен да го прифати ризикот од загуба на капитал во замена за очекување на повисоки идни приноси.

**Показатели за ризик**

Индикаторот на синтетичкиот ризик и принос пресметан врз основа на волатилноста на цената на уделот на фондот, во согласност со методологијата на Комисијата за хартии од вредност со датум 01.04.2025 г., е во ризична класа 5. Ризична класа 5 упатува на тоа дека НЛБ топ брендови о.ф. содржи високо ниво на ризик, кое е повисоко од ризикот карактеристичен за паричните фондови или, пак, за фондовите кои инвестираат исклучиво во должнички хартии од вредност (обврзници), но во исто време е понизок од ризикот на оние фондови кои исклучиво инвестираат во акции од mid-cap, smallcap или start up компании.

| 1 | 2 | 3 | 4 | **5** | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Понизок ризик ← → Повисок ризик

Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател на идниот профил на ризичност на фондот. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека тие ќе останат непроменети, односно категоријата на ризик може да се промени со текот на времето. Најниската категорија не значи дека инвестирањето е без ризик.

**Валутен ризик**

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите.
Надоместот од осигурувањето ќе биде исплатен во денари.
Инвестирањето на средствата во инвестицискиот фонд се врши согласно инвестициската стратегија на фондот. Намалувањето или зголемувањето на вредноста на уделот на фондот директно влијае врз вредноста на Договорот за осигурување. Податоци за движењето на вредноста на уделите на фондот може да најдете на интернет-страница за НЛБ Фондови (https://www.nlbfondovi.mk/content/pages/fondovi-top-brendovi).
Овој производ не е подобен за клиенти кои планираат да ги повлечат средствата во период пократок од 15 години.
Специфичниот ризик може значително да варира ако го откупите производот порано, а износот што ќе го добиете во тој случај може да биде помал. Откуп на Договорот за осигурување (предвремено раскинување) е можен по истек на три години од почетокот на осигурувањето и под услов премијата да биде целосно платена за тој период, во кој случај осигурителот ја исплаќа вредноста на инвестициското портфолио на осигуреникот намалена за надоместот за откуп. Надоместот за предвремено раскинување на Договорот изнесува: од 3 до 5 години е 5 %, од 5 до 10 години е 3,5 %, над 10 години е 2 %.

**Приноси на отворениот инвестициски фонд**

Просечен месечен принос на отворениот инвестициски фонд

| **Просечен месечен принос (НЛБ Топ брендови)** | | | |
|---|---|---|---|
| **31.03.2025** | Последни 12 месеци | Последни 24 месеци | Последни 5 години |
| Просечен месечен принос | 0.1909% | 0.7921% | 0,7451% |

## IV. КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО СЛУЧАЈ ДРУШТВОТО ДА НЕ МОЖЕ ДА ИЗВРШИ ИСПЛАТА?

Дали може да се соочите со финансиска загуба поради неизвршување на обврските од страна на друштвото за осигурување како осигурител или од страна на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје, кое управува со отворениот инвестициски фонд НЛБ Топ брендови?
Осигурителот секогаш ќе може да изврши исплата на вредноста на уделите доделени на полисата за осигурување.
Во случај на ликвидација или стечај на осигурителотосигурителот, над вредноста на уделите во инвестициските фондови кои служат за покривање посебни резерви предвидени со Договорот за осигурување, а кои се директно во врска со вредноста на инвестицијата, не може да се спроведе извршување, ниту овие средства влегуваат во имотот или во стечајната или ликвидациската маса на осигурителот. Во случај на стечај на осигурителот, Договорот за осигурување престанува по истекот на 30 дена од отворањето на стечајот.
Во случај на припојување или ликвидација на инвестицискиот фонд во кој се вложува премијата за вложување, на договарачот ќе му се даде алтернатива да премине во друг фонд кај истото ДУИФ, да премине во друг фонд кај друго ДУИФ или да му се исплати вредноста на инвестициското портфолио без наплата на излезни трошоци.
Осигурителната компанија и ДУИФ се должни да ги почитуваат сите законски обврски во кои се пропишани начините на вложувања на средствата на клиентите, кои произлегуваат од уплатените премии за осигурување. Спроведувањето на законските обврски е контролирано од Агенцијата за супервизија на осигурување и Комисијата за хартии од вредност.

## V. КОИ И КОЛКАВИ СЕ ТРОШОЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПРОИЗВОДОТ?

**Трошоци низ текот на времето**

Во вкупните трошоци се вклучени еднократните, повторувачките и повремените. Вкупните трошоци ги опфаќаат трошоците за осигурување, трошоците за аквизиција и трошоците за администрирање на осигурувањето. Со оглед на тоа дека трошоците за осигурување зависат од избраната осигурена сума и од возраста на осигуреникот, тие може да варираат по полиса. Вистинските трошоци зависат од возраста и полот на осигуреникот, договореното траење и износот висината на осигурената сума во случај на смртна договорената премијата.
Во табелата подолу е прикажан ефектот што го имаат различните видови трошоци во однос на вкупно уплатената премија за целото времетраење на осигурувањето.

| Расчленување на трошоците | | | |
|---|---|---|---|
| Еднократни трошоци | Влезни трошоци | 4% во првата година<br>1% во втората година<br>1% во третата година<br>1% во четвртата година<br>Изразени се како процент од збирот на премии за целото времетраење на полисата | Ефект на трошоците што ги плаќате при склучување на Договорот за осигурување. Ова е најголемата сума што ќе ја платите, а може да платите и помалку. Таа ги вклучува и трошоците за дистрибуција на вашиот производ. |
| | Излезни трошоци | 5% од 3та год до 5та год<br>3,5% од 5та год до 10та год<br>2% над 10та год<br>се наплаќаат само при откуп на полисата, а основа за пресметка е вредноста на инв. портфолио | Ефект на трошоците што ги плаќате при престанок на осигурувањето по крајниот рок на покритие. |
| Повторувачки трошоци | Трансакциски трошоци на инвестициското портфолио | 0 % | Ефект на трошоците за купување и продажба на уделите во отворените инвестициски фондови. |
| | Останати повторувачки трошоци | **за активни полиси:**<br>-3% фиксни од годишната премија и -од 0,2% до 3,33% варијабилни од годишната премија (*)<br>**за капитализирани полиси:**<br>-0,4% од збирот на платени премии до датумот на капитализација | Ефект на трошоците што се наплатуваат секоја година за управување со вашите инвестиции и други трошоци. Ова ги вклучува и давачките за управување и другите административни трошоци. |
| Повремени и непредвидени трошоци | Надомест за успешност | 0 % | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку приносот ја надмине референтната вредност. |
| | Учество во добивка | 0 % | Ефект на трошоците што се наплатуваат доколку вложувањето ја надмине референтната вредност. |

Напомена:.(*) Во повторувачки трошоци се прикажани административните трошоци. Тие се изразени во однос на годишната премија, но бидејќи дел од нив имаат фиксен износ од 10 ЕУР се прикажани во определени граници од премијата како варијабилни трошоци, каде како минимална премија е земена 300 ЕУР, а како максимална премија 5000 ЕУР.

## VI. ОПЦИИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ПОСЛЕДИЦИ

Препорачан период на одржување: до истекот на договорениот период на осигурување, но не пократко од 15 години. Препорачаниот период на задржување обезбедува долгорочно осигурување, за кое време е можно да се постигнат целите на производот наведени во делот „Кои се клучните карактеристики на овој осигурителен производ?".
Имате право да се откажете од Договорот за осигурување најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за склучување на Договорот за осигурување, при што не ги сносите обврските што произлегуваат од него.
Можете да подигнете пари најрано по истек на три години од почетокот на осигурувањето, доколку премијата е целосно платена за тој период преку исплата на откупната вредност на полисата (откуп на Договорот за осигурување). Барањето за откуп се поднесува до осигурителот во писмена форма, а откупот се врши на последниот ден од месецот до кој е платена премијата. Вредноста на откупот на полисата не одговара на износот на веќе платените премии и се пресметува како парична вредност на инвестициското портфолио на осигуреникот на последниот ден од месецот што му претходи на раскинувањето на Договорот за осигурување, намалена за 5% за изминати од 3 до 5 години, 3.5% за изминати од 5 до 10 години и намалена за 2% за над 10 изминати години.
Вредноста на инвестициското портфолио се определува со множење на бројот на удели во инвестициското портфолио на осигуреникот со цената на еден удел.Откупната вредност на полисата, особено во првите години од времетраењето на осигурувањето, е значително помала од збирот налатените премии.

## VII. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВКИ/ПРИГОВОРИ

Во случај на жалба за производот, за однесувањето на друштвото или на лицето кое ве советува за производот, може да поднесете претставка/приговор на pretstavki@winnerlife.mk или на формуларот достапен на веб-страницата www.winnerlife.mk.
Во случај кога договарачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурителот не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, тој може да достави претставка со цел решавање на настанатиот спор до Агенцијата за супервизија на осигурување, на адреса ул. „Македонија" бр. 25, Палата „Лазар Поп Трајков" кат 5 Скопје.
Тел.: 02/3254050; мејл:contact@aso.mk; веб-страница: www.aso.mk.

## VIII. ОСТАНАТИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации за овој производ, покрај Документот со клучни информации, се достапни во понудата за животно осигурување на Винер лајф, чиј составен дел се: Општите услови за осигурување на живот поврзани со инвестициски фондови и известување во врска со распределба на премија по компоненти и очекуван просечен месечен принос.
Дополнителни информации во врска со отворениот инвестициски фонд можете да најдете во Проспектот на фондот на следниот линк: https://www.generali-investments.mk/wp-content/uploads/2023/05/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82-%D0%A2%D0%BE%D0%BF-%D0%91%D1%80%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-17.05.2023.pdf. Можете да ги добиете сите наведени информации и документи од застапник или посредник, или со јавување на телефонскиот број 02/3114333, со праќање е-пошта на адреса: life@winnerlife.mk или во дирекцијата на осигурителот на ул. „11-ти Октомври" број 25 кат 8 Скопје. Наведените документи, согласно Законот за супервизија на осигурување, осигурителот е должен да ви ги предаде пред склучување на Договорот за осигурување. Општи информации за овој производ, како и информациите за инвестициските фондови, се достапни и на www.winnerlife.mk и https://www.generali-investments.mk/fondovi/top-brendovi/ . Осигурителот ќе му достави годишен извештај на договарачот за склучениот Договор за осигурување на живот во врска со купените удели во инвестицискиот фонд најдоцна во рок од 30 дена по завршување на деловната година.
Сите овие информации и документи се достапни и бесплатни за вас.